АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08-828/1
11.12.2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

<циркуларен допис>

До
Друштвата за застапување во осигурување
Осигурително брокерските друштва

Предмет: Обврска за конзистентност во известување за приходи од провизии во финансиските и статистичките извештаи

Почитувани,

Во согласност со одредбите од членот 151 точка (2) од *Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2002, 98/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 112/2011, 188/2013, 30/2014, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019)* и членот 4 од *Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите („Службен весник на Република Македонија“ бр.* 56/2012, 189/2014, 61/2016 и 13/2018), осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурување и банките кои вршат застапување во осигурување се должни да ја известуваат Агенцијата за супервизија на осигурување за структурата и обемот на осигурително брокерските работи, односно работите за застапување во осигурување по одделни друштва на квартална основа.

Со цел обезбедување конзистентност во известувањата во годишните финансиските извештаи и статистичките извештаи, субјектите мора да водат сметка износот на приходите од продажба искажан на позицијата (АОП) 202 од Билансот на успех да биде еднаков на износот на реализирана провизија прикажан во статистичките извештаи за четвртиот квартал.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Разлики во овие две позиции не се дозволени, со оглед дека овие позиции се основа за пресметување на надоместоците што Агенцијата за супервизија за осигурување го наплатува согласно член 158-љ став (1) точка 1) од Законот за супервизија на осигурување, согласно кој „годишен надоместок за спроведување супервизија на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурувањето во износ најмногу до 0,8% од вкупната годишна бруто премија на друштвата за осигурување, односно вкупниот годишен приход од провизии на осигурително брокерските друштва и друштва за застапување во осигурувањето“.

Со почит,

**Професионално ангажиран член на Советот на експерти**

Сулејман Ахмеди

Изработил: Дарко Блажевски

Одобрил: Маја Парнарџиева Змејкова